8. Наведување на бројот на приматели на помош поединечно за секоја шема на државна помош, на поддржаната инвестиција, во случај на регионална помош и на бројот на новоотворени и задржани работни места.

9. Наведување на петте најголеми приматели на помош според секоја шема за државна помош, специфицирајќи го следново:

- назив и адреса на претпријатието,
- вид на економска дејност (согласно Класификацијата на економски дејности),
- износ, форма и цел на одобрената или доделената државна помош,
- интензитет на државната помош,
- број на новоотворени или задржани работни места.

За секоја шема за државна помош или индивидуална помош да се наведе:

- дали примателите на државна помош се само мали и средни претпријатија,
- дали шемата за државна помош или индивидуална помош според програмата била изменета за време на сметководствениот период (доколку е тоа случај, да се наведе на кој начин е тоа сторено).

Информација за доделената државна помош за ______ година

| Број | Прима-тел на помо-шта (име, адреса, телефон) | Шифра на прет-прија-тието | Шифра на дејноста на прима-телот на по-мошта | Форма на помо-шта | Закон-ски основ за до-делу-вање на по-мошта | Износ на помош-та ЛТЛ | Забе-лешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

Лице задолжено за поднесување на извештај (име, службен телефонски број).

**1767.**

Врз основа на член 8 од Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2003 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОМОШ ЗА СПАС И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА СО ПОТЕШКОТИИ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат условите и постапката за доделување на помош за спас и реконструкција на претпријатија со потешкотии.

Член 2

Помош на претпријатие со потешкотии ќе се доделува доколу: претпријатието не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средствата што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите со цел да ги запре загубите, кое без надворешна интервенција од давателите на државна помош со сигурност ќе се доведе до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието. Карактеристични особини за претпријатието со потешкотии се растечки загуби, опаѓачки промет, зголемени залихи, вишок капацитет, пад на готовинските приливи, растечки долгови, трошоци за растечки каматни стапки и опаѓачка или нулта вредност на активата, како и во сите случаи кога се исполнети условите за отворање на стечајна постапка според прописите за стечај на Република Македонија.

Помош нема да се доделува на ново основано претпријатие кое настанало од ликвидирано претпријатие или ако го презело имотот на тоа претпријатие, дури и во случај кога неговата почетна финансиска состојба е несигурна.

Помош нема да се доделува на претпријатијата кои спаѓаат во поголемите деловни групации не ги исполнуваат условите за добивање помош за спас и реконструкција освен кога може да се докаже дека потешкотиите во кои се наоѓа претпријатието се единствено негови, а не се резултат на арбитрерна распределба на трошоците во рамки на групацијата и дека потешкотиите се премногу сериозни за да може да се надминат во рамките на групацијата.

Член 3

Помош за спас е привремена мерка, одобрена врз основа на сериозни регионални и/или социјални потешкотии и по правило е прифатлива за период не подолг од шест месеци. Нејзината цел е да се одржи претпријатието со потешкотии за времето што е потребно за изготвување на план за реконструкција или стечаен план и за временскиот период што и е потребен на Комисијата за државна помош да донесе одлука за тој план. Оваа помош се ограничува на заеми или гаранции за заем.

Член 4

Помош за реконструкција на претпријатие со потешкотии ќе се доделува врз основа на остварлив, сеопфатен и долгорочен план за обновување на рентабилноста на претпријатието. Оваа помош вообичаено опфаќа еден или повеќе од следните елементи: реорганизација или рационализација на дејностите на претпријатието на поефикасни основи, карактеристично вклучувајќи напуштање на дејностите што доведуваат до создавање на загуби, реконструирање на оние постојни дејности што повторно може да станат конкурентни и можност за воведување разновидни нови и рентабилни дејности. Финансиското реконструирање (капитални вложувања, намалување на долгот) вообичаено е придружено и од физичко реконструирање. Активностите за реконструирање не треба да се ограничат на финансиска помош наменета за елиминирање на загубите без разгледување на причините за тие загуби. Помошта за реконструкција може да биде во различни форми како што се капиталните вложувања, отпишување на долгови, даночни олеснувања или ослободувања од социјалните придонеси, заеми или гаранции за заеми.

Член 5

Извор на помош можат да бидат средствата од секој давател на државната помош, согласно член 3 став 2 од Законот за државната помош. Во случаите кога финансирањето се обезбедува или гарантира од страна на државата за претпријатие со потешкотии, ќе се смета дека постои веројатност финансирањето да вклучува државна помош.

Во случаи кога рационален приватен инвеститор кој делува во пазарна економија го обезбедува ова финансирање, обезбедувањето или гарантирањето на финансирањето на едно претпријатие нема да се смета дека вклучува државна помош.

Промената во сопственичката структура на спасеното или реконструираното претпријатие нема да влијае врз оценката на таквата помош.

Член 6

Известувањата за помошта за спас и реконструкција треба да се поднесуваат до Комисијата за државна помош во форма пропишана со Образец 1 и Образец 2, кои се составен дел на оваа уредба.

### Критериуми за оценка на помошта за спас

Член 7

Комисијата за државна помош ќе одобри помош за спас за претпријатијата со потешкотии кои ги исполнуваат условите од членот 2 од оваа уредба, само доколку:

- помошта се состои од ликвидна помош во форма на гаранции за заеми или заеми со каматна стапка споредлива со заемите што се даваат на претпријатија без потешкотии;

- во случај на заем, заемот треба да се врати за период што не е подолг од 12 месеци по последната исплатена рата на претпријатието;

- давателот на помошта презема обврска да ја информира Комисијата за државна помош за планот за реконструкција или ликвидација на претпријатието не подоцна од 6 месеци откако била одобрена мерката за спас или е доставен доказ дека заемот е вратен во целост и/или дека гаранцијата е истечена;

- ограничен е износот кој е потребен да го одржи претпријатието во работа за времето за кое што е одобрена помошта (покривајќи ги, на пример трошоците за дневници и плати и за редовни набавки).

**Критериуми за оценка на помошта за реконструкција**

Член 8

Помошта за реконструкција по правило ќе биде прифатлива само во оние случаи во кои што може да се докаже дека истата не е спротивна на интересите на Република Македонија и на Европската Унија и дека сите можни нарушувања на конкуренцијата ќе бидат неутрализирани од придобивките од опстанокот на претпријатието и во случај кога е тоа потребно, ќе бидат преземени соодветни компензаторни мерки во корист на конкурентите.

Комисијата за државна помош ќе ја одобри помошта за реконструкција само ако:

- претпријатието се квалификува како претпријатие со потешкотии во смисла на членот 2 од оваа уредба и

- одобрувањето на помошта е условено од спроведување на планот за реконструкција што мора да биде изработен од претпријатието, одобрен од давателот на помошта, а исто така мора да биде одобрен од Комисијата за државна помош во сите случаи на мерки за индивидуална помош. Во случаите на шеми за помош за реконструкција давателот на помошта мора да се обезбеди дека сите критериуми утврдени во шемата се исполнети.

Член 9

Планот за реконструкција, чие времетраење мора да биде колку што е можно покусо:

- мора да ја обнови долгорочната рентабилност на претпријатието во еден разумен временски рок и врз основа на реални претпоставки за неговите идни услови за работење;

- треба да вклучува, особено, пазарно истражување што ќе ги содржи информациите што се наведени во Образец 1 од оваа уредба. Подобрувањето на рентабилноста мора главно да произлегува од внатрешните мерки содржани во планот за реконструкција и може да се заснова на надворешни фактори како што се варијации на цените и во побарувачката врз кои што претпријатието нема поголемо влијание ако пазарните претпоставки се општо прифатени. Реконструкцијата мора да вклучува напуштање на дејностите кои би значеле структурно правење на загуби дури и по реконструкцијата;

- да даде опис на околностите кои довеле до потешкотии на претпријатието и помеѓу другото да се земе предвид и сегашната состојба, како и идните можности за понудата и побарувачката на соодветниот пазар и специфичните јаки и слаби страни на претпријатието. Планот треба да му овозможи на претпријатието да напредува кон една нова структура што на претпријатието ќе му обезбеди долгорочна рентабилност во согласност со стандардните пазарни услови.

**Компензаторни мерки**

Член 10

Компензаторните мерки по правило треба да се преземат за да ги намалат сите негативни ефекти што помошта ги има врз конкурентите. Овие мерки се состојат во ограничувања на присуството на претпријатието на пазарот(ите) за време на реконструкцијата и по периодот на реконструкција и:

- ќе се спроведат преку планот за реконструкција и условите пропишани со него; и

- мора да дадат придонес (пропорционален на износот на применета помош и нејзиното влијание на пазарот) кон подобрување на пазарните услови.

Мерките од став 1 на овој член, вообичаено нема да се применуваат за малите и средни претпријатија, освен во случај кога е поинаку пропишано со правилата за државната помош во определен сектор.

Член 11

Износот и интензитетот на помошта за реконструкција мора да биде ограничен на строг минимум што е неопходен за реконструкција во поглед на постоечките финансиски извори на претпријатието, неговите акционери или деловната групација на која истото и припаѓа.

Помошта за реконструкција вообичаено треба да се користи за да го оживее развојот на претпријатието, но не и за да му овозможи на претпријатието да го прошири својот производствен капацитет за време на спроведувањето на планот за реконструкција, освен во случаи кога таквото проширување е од суштинско значење за обновување на рентабилноста без притоа да доведе до нарушување на конкуренцијата.

Член 12

Комисијата за државна помош ќе бара од корисникот на помошта да дава значаен придонес во планот за реконструкција.

Комисијата за државна помош може да наложи секакви услови и обврски потребни да обезбеди дека помошта не ја нарушува конкуренцијата до обем што е спротивен на интересите на Република Македонија или на Европската Унија.

Комисијата за државна помош, секое неспроведување на планот за реконструкција или неисполнување на сите останати обврски на претпријатието ќе го смета како злоупотреба на помошта и ќе постапува во согласност со одредбите од член 12 од Законот за државната помош.

**Правило за еднократност**

Член 13

Помошта за реконструкција може да се доделува само еднаш (еднократно), за период не подолг од 10 години.

На ова правило нема да влијае било каква промена на сопственичката структура во претпријатието-примател на помошта.

**Шеми за помош за спас и/или реконструкција на мали и средни претпријатија**

Член 14

Шемите за помош за спас и/или реконструкција на малите и средни претпријатија со потешкотии може да бидат одобрени од страна на Комисијата за државна помош доколку:

- се исполнат условите од член 2 на оваа уредба,

- засегнатите претпријатија одговараат на дефиницијата за мали и средни претпријатија определена со член 3 став 5 и став 6 од Законот за државната помош,

- се исполнети условите за помош за спас и особено временскиот рок од шест месеци и/или условите за помош за реконструкција за претпријатија со потешкотии, а особено критериумите за планот за реконструкција утврдени во член 4 од оваа уредба, и

- максималниот износ на помошта да не е поголем од еден милион евра, вклучувајќи ја и помошта од други извори или од други шеми.

**Редовни извештаи**

Член 15

Давателот на државна помош е должен на Комисијата за државна помош да и доставува редовни годишни извештаи за развојот на планот за реконструкција. Во случај кога се работи за помош за мали и средни претпријатија, доволно ќе биде претпријатието да ги достави своите годишни биланси на состојбата и биланси на успехот.

Во случаи кога се работи за помош на големи претпријатија, Комисијата за државна помош може да побара почесто доставување и подетални извештаи за билансот на состојбата и билансот на успехот на претпријатието.

**Завршна одредба**

Член 16

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2004 година.

Бр. 23-5399/1
15 декември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Образец 1

**Известување за помош за спас на претпријатија**

Известувањето за државната помош за спас на претпријатија треба да ги содржи следните податоци:

**I. Неопходни податоци за претпријатието**

- Име и адреса на претпријатието, дата, место и број на регистрација; ,
- Правна форма (јавно, командитно, доо, ад, командитно друштво со акции);
- Гранка во која претпријатието делува (основна дејност на претпријатието);
- Број на вработени;
- Оперативни трошоци и финансиски побарувања на претпријатието за последните 12 месеци;
- Највисок износ за заем/гаранција;
- Име на заемодавачот/гарантот.

**II. Неопходни придружни документи кои треба да се набават**

- последниот биланс на успех со билансот на состојбата или судска одлука за поведување на стечајна постапка во претпријатието согласно закон;
- давателот на помошта е обврзан на Комисијата за државна помош да и поднесе во рок не подолг од шест месеци од денот на одобрувањето на помошта за спас или план за реконструкција или стечаен план, или доказ дека и заемот и помошта се целосно вратени или дека гаранцијата е поништена;
- план за ликвидност за наредните шест месеци наведувајќи ги износите кои треба да се позајмат краткорочно;
- копија од понудите за заем ( во врска со помошта за спас) за претпријатието со потешкотии, специфицирајќи ги условите за исплата на позајмените износи и рокови за враќање;
- копија од предлог гаранцијата за покривање на предметниот заем во оној случај кога истата треба да се обезбеди;
- име, телефон, број на факс, како и позиција на лицето што го поднесува известувањето.

Образец 2

**Известување за помош за реконструкција на претпријатија**

Известувањето за државна помош за реконструкција на претпријатието треба да ги содржи следниве податоци:

**I. Податоци за претпријатието**

- Име и адреса на претпријатието, дата, место и број на регистрацијата;
- Правна форма (јавно, командитно, доо, ад, командитно друштво со акции);
- Гранка во која претпријатието делува (основна дејност на претпријатието);
- Имиња на главните акционери и висината на нивните удели;
- Детали на засегнатите претпријатија;
- Листа на акционерите кои дале согласност;
- Информација која се однесува на можна приватизација на претпријатие во државна сопственост;
- Доколку претпријатието припаѓа на групација, ажурирана организациона шема за целата групација на која се прикажани врските помеѓу нејзините членови (капитал и права на глас);
- Доколку претпријатието е создадено со купување на средства по ликвидација или стечајна постапка;
- Местоположба на сите главни производствени погони со работна сила;
- Доколку претпријатието се смета за мало или средно претпријатие, докази дека ги исполнува критериумите утврдени во член 3 (5) и (6) од Законот за државната помош;
- Копии од билансите на успех од последните три години (ако е можно) или последниот биланс;
- Копија од секоја судска одлука со која се назначува стечаен управник или се отвора стечајна постапка во претпријатието.

**II. Пазарни истражувања**

Копија од пазарните истражувања за релевантните пазари на кои претпријатието делува, со назив на организацијата која го спровела пазарното истражување.

Пазарното истражување треба особено да го содржи следново:

- прецизна дефиниција на пазарот кој е предмет на истражување;
- називите на главните конкуренти на претпријатието и нивните удели на светскиот, на пазарот на ЕУ или на домашниот пазар;
- развојот на пазарните удели на претпријатието во последните години;
- оценка на вкупниот производствен капацитет и побарувачка на македонско и европско ниво, притоа изведувајќи заклучок дека постои вишок капацитет на пазарот;
- предвидување на движењето на побарувачката, вкупниот капацитет и цените на пазарот за претстојниот петгодишен период.

**III. Опис на државната помош**

- Прикажување дека потешкотиите на претпријатието се негови сопствени и не се резултат на арбитрерна распределба на трошоците во рамките на некоја групација.
- Индикации дали претпријатието веќе има добиено помош за спас и доколку е тоа случај, да се наведе денот кога помошта е одобрена и согласноста на давателот на помошта да поднесе план за реконструкција или стечаен план.
- Индикации дали претпријатието или некои од неговите подружници во кои тоа има удел што не е помал од 25% од основниот капитал или гласачките права, претходно веќе има добиено помош за реконструкција. Доколку е тоа случај да се упати на претходните одлуки на Комисијата.
- Индикација за формата во која помошта треба да се додели и вкупниот износ на вклучената финансиска придобивка.
- Опис на сите компензаторни мерки предложени со цел да се намали нарушувачкото дејство врз конкуренцијата.
- Специфицирање на секоја помош, освен de minimis помошта, која претпријатието ја добива пред истекот на периодот за негова реконструкција.

**IV. План за реконструкција**

Планот за реконструкција треба да ги содржи следниве податоци:

- презентација на различните пазарни претпоставки кои произлегуваат од пазарните истражувања;
- анализи на причините кои го довеле претпријатието во потешкотии;
- презентација на предложената идна стратегија на претпријатието;
- опис на различните планирани мерки за реконструкција и трошоци за истите;
- компаративна оценка на економските и социјалните последици на регионално и/или државно ниво, за престанок на претпријатието со потешкотии и за спроведување на планот за реконструкција;
- временски распоред за спроведување на различни мерки и краен рок за спроведување на целосниот план за реконструкција;
- прецизен опис на средствата предвидени за проектот за реконструкција:
- употреба на се уште расположив капитал;
- продажба на средства или подружници со цел да се помогне финансирањето на реконструкцијата;
- финансиска поддршка од различните приватни акционери и банките заемодаватели;
- износ на учество на државата и приказ на потребата за тој износ;
- доколку е тоа погодно, доделување на повратните заеми.
- планирани биланси на успех за наредните пет години со проценета капитална добивка;
- записник од расправите за планираната реконструкција реализирани со синдикатите кои ги застапуваат вработените на претпријатијата;
- име(иња) на авторот(ите) на планот за реконструкција и датум на неговото подготвување.

**V. Обврски на давателот на помошта**

Давателот на државната помош мора да се обврзе во извештаите за помошта за реконструкција која е одобрена, да ги даде сите релевантни информации за помошта од секој вид доделена на претпријатието кое прима помош за реконструкција, било да е тоа според шема или не, се додека реконструкцијата не се спроведе до крај.

---

**1768.**

Врз основа на член 6, став 4 од Законот за државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.2003 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНА ПОМОШ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат условите и постапката за доделување на регионална помош.

Член 2

Регионална помош може да се додели за продуктивно почетно инвестирање во основни средства (патенти, лиценци, непатентирано know-how) за основање на ново претпријатие, проширување на постојното претпријатие, или ангажирање во активности што опфаќаат суштински промени на производот или производствениот процес на постојното претпријатие (особено преку рационализација, диверсификација или модернизација). Инвестирањето во основни средства што се врши во форма на преземање на претпријатието што е затворено или би се затворило доколку не биде купено, исто така, ќе се смета за продуктивно инвестирање.

Член 3

Поимите употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

(1) "интензитет на бруто помошта" означува износ на помошта изразен како процент од одобрените проектни трошоци. Сите износи на помошта се еднакви на износите пред да се изврши оданочување. Доколку државната помош не е доделена во форма на грант, износот на помошта ќе биде еквивалентен на грантот на помошта. Помошта што се отплаќа на повеќе рати ќе биде намалена до нејзината вредност во моментот на доделувањето. Каматната стапка што ќе се употреби за потребите на намалувањето и за пресметување на износот на помошта во форма на меки заеми ќе биде еднаква на просечната годишна каматна стапка за заемите со рок на доспеаност од пет години, објавена од Народна банка на Република Македонија;

(2) "интензитет на нето помошта" означува износ на помошта намален за данокот изразен како процент од оправданите проектни трошоци;

(3) "новоотворени работни места" означува број на годишните работни единици (ГРЕ), односно бројот на лица вработени со полно работно време за период од една година, додека лицата вработени со скратено работно време и оние за сезонска работа претставуваат делови од ГРЕ.

**Максимални вредности на интензитетот на помошта, оправдани трошоци**

Член 4

1. Регионалната помош за инвестирање во Република Македонија треба да биде во согласност со членот 6 од Законот за државната помош се до 50% од интензитетот на нето помошта од оправданите инвестициони трошоци или од трошоците за плата за новоотворени работни места за период од две години.

2. За малите и средни претпријатија, интензитетот на помошта не смее да ја надминува максималната вредност утврдена во став 1 од овој член, но не повеќе од 15 % од бруто помошта.

3. Регионалната помош до овие максимални вредности ќе се применува единствено доколку корисникот учествува со најмалку 25 % во финансирањето.

4. Максималните вредности утврдени во ставовите 1 и 2 од овој член ќе се применуваат за интензитетот на помошта што е пресметан или како процент од оправданите инвестициони трошоци или како процент од трошоците за плата за работните места што се отворени со реализација на инвестирањето, или со комбинација од двете.

5. Во случаите кога помошта се пресметува врз основа на инвестиционите трошоци, оправданите трошоци ќе претставуваат трошоци поврзани со инвестирање во земјиште, згради, машини и опрема. Оправданите трошоци за нематеријални инвестиции се трошоците за набавка на технологија.

6. Во случаите кога помошта се пресметува врз основа на новоотворените работни места, износот на помошта ќе биде изразен како процент од трошоците за плата пресметани за период од две години, според следниве услови:

(а) отворањето на работни места треба да биде поврзано со реализацијата на проектот и истите треба да бидат отворени во рок од три години од целосната реализација на инвестицијата;

(б) инвестициониот проект треба да доведе до нето зголемување на бројот на вработени во односното претпријатие, споредено со просекот за претходните 12 месеци.

**Кумулација**

Член 5

1. Максималните вредности на помошта определени во член 4 од оваа уредба ќе се применуваат без разлика дали поддршката за помогнатите проекти е целосно финансирана од државните ресурси на Република Македонија или делумно финансирана од Европската Заедница, или меѓународни некомерцијални финансиски институции.